За да биде помасовна свечената прослава, за делото и улогата на КлиментОхридски ќе се зборува на собранието на Друштвото на историчари на СРМ кое ќе се одржува во тие денови во Охрид.

И затоа Охрид оваа година е во знак на јубилејната прослава. Досегашните многубројни состаноци, ангажираноста од сите фактори, ветува дека оваа прослава ќе биде постојна, репрезентативна и сосема оправдана и многу корисна за нашата земја.

**П. М.**

## НАУЧЕН СОБИР ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА КРСТЕ П. МИСИРКОВ

По повод 40-годишнината од смртта на Крсте П. Мисирков на 24 и 25 јуни 1966 година во Скопје се одржа научен собир.

На собирот беа поднесени следниве реферати:

— Д. Зографски, Мисирков за националноста на Македонците;

— Б. Ристовски, Македонската „национално-сепаратистичка“ мисла како идеја и како движење;

— Х. Андонов — Полјански, Дипломатските аспекти на македонското прашање во становиштата на Крсте Мисирков;

— М. Пандевски, Мисирков за пропагандите на соседните балкански држави во Македонија;

— Д. Ташковски, Гледиштата на Мисирков за сепаратизмот;

— А. Христов, Погледите на Мисирков за државно-правен статус на Македонија;

— К. Цамбазовски, Идејните погледи на Крсте Мисирков;

— Сл. Димевски, Обидите на Крсте Мисирков и Македонското студентско друштво во Петроград за издејствување на автономна Македонија во рамките на Турската империја од големите сили и Високата порта;

— Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков;

— К. Пенушлиски, Хипотезата на К. П. Мисирков за причините на популарноста на Крале Марко;

— В. Илиќ, Мисирков и Чернодримски;

— Т. Стаматоски, Графичкиот систем на Мисирков и на некои негови современици;

— А. Цукески и К. Конески, Поглед врз правописната норма во јазикот на К. Мисирков;

— Т. Димитровски, Литературната лексика на Мисирков.

Во врска со изнесените реферати беше водена мошне плодна и интересна дискусија. Изложените реферати и дискусијата придонесоа многу појасно да се расветлат низа проблеми поврзани со идејните погледи и становиштата на овој истакнат македонски деец.

**Х.**

## ПРВ МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОДРЖАН ВО СОФИЈА

Од 18 до 26 мај 1966 година во Софија се одржа семинар на наставниците од балканските земји на тема „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитувањето во духот на меѓународното разбирање“ во организација на Националната комисија на НР Бугарија за УНЕСКО и Министерството на народната просвета. На семинарот учествуваа делегации на просветните работници на НР Бугарија, Кралство Грција, НР Романија и СФРЈ. Основен реферат на тема: „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитување во духот на меѓународното разбирање“ поднесе господин Владимир Херчек, претставник на генералниот директор на УНЕСКО господин Рене Мајо. Учесниците на семинарот работеа на пленарни седници и во две секции и тоа: секција за литература и странски јазици и секција за историја и географија. На пленарните седници и во одделните секции беа поднесени повеќе соопштенија во врска со основниот реферат од страна на делегатите на сите земји чии делегати присуствуваа на овој семинар што претставува ценет прилог кон подоброто запознавање со одделните достигања во образованието во

одделните балкански земји. На пленарните седници со свои прилози по одделни проблеми истапија членовите на Југословенската просветна делегација (Јаноши Габор, Јурај Марек, Владимир Стефановиќ и Трпко Пановски).

Посебно внимание учесниците на семинарот посветија на субјективниот фактор на наставникот — носител на образовниот процес во која мерка наставниците се стручно и сестрано образовани за наполно да одговорат како воспитачи на младите генерации во духот на меѓународното разбирање.

Современиот развиток на науките и техниката како и неочекуваните промени во развитокот на производните сили пред образовните институции и органи за просвета во одделните земји се поставуваат нови задачи кои произлегуваат од сè поголемата акумулација на нови факти до кои доаѓа науката е сè помалата можност во текот на наставата сите тие факти да се усвојат. Излез од оваа положба се бара во повеќе насоки:

— Во рационализација на наставниот процес и наставата воопшто, подбор на суштинската материја и посветување поголемо внимание на новите научни, технички и други достигања.

— Примена на современи средства и организација на учебниот процес со цел ученикот да се стави во активен однос во наставата, да размислува и решава одредени задачи, да доаѓа до самостојни заклучоци низ поефикасни форми на учење, со што во крајна мера се придонесува за оспособување на учениците за самостојна работа.

— Повишување на стручното, општествено и методско образование на идните наставници.

— Учесниците на семинарот низ поднесените реферати и дискусијата на делегатите констатираа дека во балканските земји младите генерации низ наставата не добиваат доволно објективни информации за јазикот, литературата, историјата, географијата како и за животот и културата на балканските народи. Учесниците исто така констатираа дека во одделни балкански земји не се посветува доволно внимание на педагошко методското образование на наставниците.

Поопсежна дискусија учесниците на семинарот усвоија заеднички документ на пленарната седница од 26 мај 1966 година. Во документот се укажува дека наставата по литература, странски јазици, историја и географија може да придонесе во поголема степен за зближување на балканските народи и за создавање дух на балканско разбирање. Се истакна потребата од размена на наставни планови и програми, на школски прописи, помагала, учебници и друга документација. Еднодушно е мислењето од потребата за издавање на општа антологија по литература на балканските народи, размена на текстови, илустративен материјал и стручна литература која ќе ги одразува најновите достигања на одделните науки во одделните земји што би го олеснило издавањето на пообјективизирани учебници за учениците од средните училишта, издавање на сликовен материјал, филмови и други публикации што би го одразило литературното и културното творештво на балканските народи и заемните влијанија. Воедно е искажана потреба од прочистување на наставните програми и учебници од сè она што не придонесува за зближување на балканските народи.

Учесниците во документот ја изразија потребата од заедничко проучување на модернизацијата на образованието и да се пристапи кон размена на опит помеѓу наставницитме од балканските земји и тоа со посредство на Министерството за просвета и националните комисии на УНЕСКО (организирање културни изложби, заеднички културни манифестации и фестивали на просветни работници и ученици, студиски престој на просветни и научни работници, организирање заеднички семинари по заеднички проблеми од областа на образованието и воспитувањето, непосредни контакти помеѓу училиштата од одделните земји, стручни екскурзии, гостувања, кореспонденција помеѓу учениците од одделните земји и други форми на контакти.

Поднесените материјали на советувањето, основниот реферат и сите истапувања на одделните делегати од

страна на Бугарската национална комисија за УНЕСКО и Министерството за просвета ќе бидат издадени во посебна публикација.

Донесените документи на пленарната седница од 26 мај 1966 година преку националните комисии на УНЕСКО ќе бидат доставени до сите балкански земји, до комисиите за УНЕСКО и соодветните органи за просвета.

**Т. П.**

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА

На 11 и 12 март годинава во Загреб се одржа советување по проблемите на учебниците по историја во основните и средните училишта, свикано од Заедницата на југословенските издавачи на учебници, а во организација на Издавачкото претпријатие за издавање школски книги и учебници „Школска књига“ од Загреб. На советувањето зедоа учество претставници на соодветните издавачки куќи од земјата и приличен број автори чии учебници се во употребата.

Со оглед на ваквиот состав на учесниците, организаторите на ова среќавање појдуваа од претпоставката дека луѓето кои се непосредно ангажирани и се бават со проблематиката на пишувањето на учебници, се и најповикани и тие најдобро ќе најдат помеѓу себеси „заеднички јазик“ за соработка и согледување на општите проблеми околу пишувањето и издавањето на учебниците по историја.

Во оваа смисла, на советувањето се издвоија неколку централни проблеми на кои им се посвети посебно внимание, како на пример, каква е и каква би требало да биде функцијата на учебникот по историја во современата настава, како да се дојде до вреднувањето на постојните учебници, може ли и како да се дојде до потесна соработка помеѓу издавачите и авторите на овој план, потоа, дали може да се работи на општојугословенски учебници по овој наставен предмет и други.

Макар што со размената на мислења не се дојде до заеднички концепции, на пример, во поглед функцијата на учебникот по историја во наставниот процес, особено во поглед третманот на т.н. „работен“ и „класичен“ учебник, или за начинот на добивањето и изборот на ракописи за учебници за печатење (преку конкурси или индивидуално ангажирање на одделни стручњаци), потоа, за работата на единствени учебници по историја (бидејќи во тој поглед постојат и многу други проблеми, како што е прашањето на односот на националните истории или унификацијата на наставните планови и програми по историја и др.), сепак, независно од овие, а и некои други неусогласени ставови, на советувањето се донесоа општи заклучоци, кои се засновуваа на фактот дека кај нас се видни постигањата во настојувањата учебниците да се прилагодат кон тенденциите за осовременување на историската настава. Овој процес во прилична мерка се одвива кај нас успешно. Во таа смисла се и доближени гледиштата по однос на оваа проблематика. Од донесените заклучоци (ставови) ги одбележуваме следниве:

— во принцип учебникот треба, според своите квалитети, да се пробива во земјата. Во тоа имено, би требало да се согледува решавањето на покренатото прашање за единствен југословенски учебник по историја. Во таа смисла кај нас веќе постоела, а и понатаму треба да постои практиката за слободно определување за учебниците, независно во кој издавачки центар се издадени;

— истакнатиот проблем за вклопување историјата на народностите во општојугословенската и балканската историја секако да стои, но тој треба да се решава не само програмски, туку и при ипшувањето на учебниците;

— по прашањето за патиштата по кои треба да се доаѓа од учебнички ракопис (конкурс или преку индивидуално ангажирање на стручњаци), овде е битно да се дојде до поарен учебник и тоа побрзо, независно дали ќе се практикува првиот или вториот начин. Независно од тоа, главно е и при едниот или вториот метод, како од постојниот ракопис (учебник) да се одбере она што е квалитетно и потаму истиот да се усовршува;

— треба со многу такт и умеење да се решава прашањето на изборот на наставниот материјал, зашто специфичностите на борбата на одделни наши народи не е едноставна работа.